Архивски број: 08-447/ 10
Датум: 08.10.2026 **година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–447/1 од 04.05.2026 година, поднесена од страна на Група граѓани од населба /// од Општина ///, Скопје против /// со седиште на ///, Скопје, за сторена дискриминација врз основа на место на живеење, во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на место на живеење, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на /// кон граѓаните со живеалиште во населба /// во Општина ///, Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Група граѓани од населба /// во Општина ///, Скопје, на ден 04.05.2026 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на место на живеење, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на /// (во натамошниот текст: ///).

Во претставката подносителите наведуваат дека населбата во која живеат со се поголем интензитет во последната година се урбанизира (изградба на нови згради – станови за домување), а со тоа се зголемува и бројот на жители. Наведуваат дека од страна на посочениот дискриминатор, во нивната населба, пред околу 2 години била пуштена автобуска линија со број ///, која сообраќа до /// и истата меѓу другото движејќи се во таа насока секогаш поминува и на почетната постојка на автобуската линија /// во ///. Понатаму, наведуваат дека распоредот (времето на поаѓање) за автобуската линија /// често е менуван, но со измените од /// година, линијата /// е укината, иако на официјалната веб страна на /// истата евидентира како активна. Во образложението на претставката подносителите наведуваат дека автобусот со број /// не доаѓа, па се принудени да одат една до четири автобуски постојки за да ги користат автобусите од линиите на /// и други, како и автобусот со број ///. Наведуваат дека поголем број од населението е работоспособно и во работен однос, со што се наметнува потребата од поврзаност на населбата со останатиот дел од градот, а исто така наведуваат и дека е голем бројот на учениците кои имаат обврска за редовно посетување на училиште.

Наведуваат дека со укинувањето на оваа автобуска линија, на населението од /// му е оневозможен, ускратен пристапот до добра и услуги, односно оневозможено

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

им е на жителите непречено користење на јавниот превоз, со што се ставени во понеповолна положба од граѓаните од други населени места во Градот Скопје.

Во прилог на претставката подносителите имаат доставено извадок од официјалната страна на /// со распоред на возниот ред за линија ///.

На ден 21.05.2026 година подносителите доставија дополнување на претставката со известување дека од денот на поднесување на претставката па се до денот на дополнувањето на истата, дека иако во статичниот распоред на /// и на распоредот на нивната официјална мобилна апликација автобусот со број /// стои како активна линија, автобусот кој треба да појде во 7,40 часот од почетна постојка ///, воопшто не доаѓа на истата.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-447/2 од 05.05.2026 година се обрати до ///, но во законски утврдениот рок за произнесување, посочениот дискриминатор не достави произнесување. Па од таа причина, Комисијата согласно одредбите од членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на ден 15.07.2026 година изврши увид кај посочениот дискриминатор и се оствари службен разговор со заменик директорот во /// и раководителот на Одделението за /// во ///. Од страна на раководителот на Одделението за /// беше појаснето дека во периодот важи летниот возен ред по кој сообраќаат возилата на /// и дека на релацијата која ја опфаќа автобуската линија на која се однесува претставката односно /// – поминувале други 4 автобуски линии меѓу кои ///, а конкретно наведената /// била исклучена, а како главна причина ја наведе интенцијата на Град Скопје во близина каде сообраќа оваа линија – да биде пробиен пат по кој ќе движи само автобуската линија ///. За конкретни понатамошни чекори биле потребни информации од Град Скопје, а присутните претставници од /// наведоа дека од нивна страна ќе бидат направени обиди до Комисијата да достават информации и податоци по однос на предметното прашање до 17.07.2026 година.

Од страна на /// доставено е Произнесување по наводите од претставката на ден 17.07.2026 година, во Комисијата заверено со бр. 08-447/7, во кое наведуваат дека изнесениот навод дека линијата /// е укината е невистинит, туку дека линијата има корекција на времињата, но не е укината, и дека може да се појави изолиран случај кога некое возило ќе остане дефект и за истото се испраќа заменско возило и во прилог даваат преглед на стариот и новиот распоред. Понатаму, наведуваат дека во близина на оддалеченост од /// метри се наоѓа постојката /// на која поминуваат линиите /// со прилог распоред за истите.

* * *

Согласно одредбите од член 4 став (1) точка (14) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со која се дефинира „Тестирањето на ситуација“ како метод за докажување дискриминација преку вклучување на организирани тестери

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

што се стават во споредбена ситуација за да се истражи појавата на дискриминација во различни предмети, процеси и области врз која било дискриминаторска основа, Комисијата на ден 22.05.2026 година спроведе тестирање на ситуација на локацијата, почетна постојка на автобусот со број /// во населба /// во периодот од 07,20 до 08,00 часот. Во тој момент направена е проверка на официјалната веб страна на /// и на официјалната мобилна апликација и констатирано е дека на распоред стои автобусот /// (почетна постојка ///) во 07,40 часот, но во наведениот период автобус со наведениот број воопшто не дојде. Ова Тестирање на ситуација е констатирано на Записник бр. 08-447/4.

На ден 30.07.2026 година, Комисијата повторно спроведе тестирање на ситуација на локацијата, почетна постојка на автобусот со број /// во населба ///, од причина што при прво спроведеното тестирање на ситуација констатирано е дека фактичката состојба на терен не соодветствува со прикажаното на официјалната страна на /// и на нивната мобилна апликација, како и поради изнесените информации од страна на /// од извршениот увид во просториите на нивното седиште на ден 14.07.2026 година дека линијата со број /// е укината поради иницијатива на Град Скопје за пробивање на улица во близина, кои беа сосем различни од нивното писмено известување во кое известија дека линијата со број /// не е укината, туку дека има само корекција на времето на поаѓање на автобусот. Овој пат тестирањето на ситуацијата е извршено во периодот од 07,30 до 07,55, но автобусот иако според распоредот доставено во Произнесувањето од /// стои дека поаѓа во 07,39 часот, автобус воопшто не дојде. Тестирањето на ситуација е констатирано на Записник со бр. 08-447/8.

На дена 13.08.2026 година, во период од 07,20 до 08,00 часот по трет пат е извршено тестирање на ситуација на локацијата - почетна постојка на автобусот со број /// во населба ///, при што повторно автобус воопшто не дојде во наведениот период, иако во распоредот стои дека поаѓа во 07,40 часот. А по однос на автобуските линии со број ///се утврди дека автобус со број /// сообраќаше на улица /// во термин 07,15 часот во правец накај /// и потоа во 07,41 часот по улица /// во правец кон /// сообраќаше автобус со број ///. Во 08,00 часот автобусот со број ///, беше забележан на последната/почетна постојка во ///.

* * *

Согласно член 9 став (1) од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 01/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 03/09, 13/09, 49/11 и 06/19), граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи и истата гласи: *„**Се забранува секоја дискриминација** врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).". Со одредбата од членот 6 од истиот закон се утврдува дефиницијата за дискриминација, која е уредена на следниот начин: „***Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.***", додека пак со одредбата од членот 8 став (1) од истиот закон директната дискриминација се утврдува на следниот начин: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.".*

Со одредбата од членот 2 став (4) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 09/97, 06/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 35/149, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) се утврдуваат принципите врз основа на кои јавните претпријатија ја вршат дејноста од јавен интерес, и истиот гласи: *„Во извршувањето на дејностите од јавен интерес, треба да се почитуваат следниве принципи:* ***сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата,*** *транспарентност,* ***достапност и универзална услуга, заштита на корисниците*** *и потрошувачите.".*

Со одредбата од член 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 23/06, 127/06, 04/08, 114/09, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 03/25, 101/25 и 223/26), се уредува дека со овој Закон се уредуваат условите и начинот за вршење превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Членот 3 став (1) точка (1) од овој Закон гласи: *„****Јавен превоз на патници*** *или стока* ***е превоз кој под еднакви услови им е достапен на сите корисници;***". Точката (48) од ставот (1) од истиот член, гласи: *„Неодржување на линија се подразбира доколку превозникот поаѓањата, попатните станици и доаѓањата дефинирани во возниот ред не ги одржува со качување и слегување на патници од автобуските станици, односно неодржување на линија и кога превозот не се врши и на една од станиците од возниот ред;*". Членот 20 став (2) од Законот за превоз во патниот сообраќај гласи: *„****Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред*** *и редовно да ја одржува линијата.".*

Членот 3 од Статутот на /// бр. ///година, гласи: „*/// (во понатамошниот текст: „претпријатието“)* ***се основа за вршење на дејност од јавен интерес.“*** . Членот 14 од Статутот гласи: „*Претпријатието е правно лице кое* ***врши дејност од јавен интерес од областа на јавниот превоз на патници.“***, а во ставот (1) од членот 16 исто така од Статутот се утврдува основната дејност на претпријатието и тоа: „*49.31 Градски и приградски патнички копнен транспорт.*“. Членот 18 од Статутот гласи:

„***Претпријатието дејноста од јавен интерес ја врши континуирано и без прекин*** *и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со закон, овој статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.*

Претпријатието е должно да обезбеди техничко-технолошко единство на јавниот градски и приградски превоз на патници во Град Скопје *и јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално-финансиско работење, согласно закон, овој статут и меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.*“.

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, земајќи ги во предвид сите наводи изнесени во претставката на подносителите, информациите добиени од овластените лица при спроведениот увид во /// и нивното писмено произнесување, фактичката состојба констатирана во три наврати при спроведување на тестирање на ситуација на локацијата – последна/почетна постојка на автобусот со број /// во населба ///, Комисијата утврди дека од страна на /// на жителите на населбата ///, во Општина ///, Скопје им е оневозможена пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите, односно кон нив од страна на /// е сторена директна дискриминација врз основа на место на живеење.

Имено, /// како јавно претпријатие кое врши дејност од јавен интерес од областа на јавниот превоз на патници со основна дејност градски и приградски патнички копнен сообраќај согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за превоз во патниот сообраќај во смисла на одредбите од членот 9 став (1) од Уставот на Република Македонија и членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, должно е, односно има законска обврска на сите жители на Град Скопје и на жителите на општините надвор од Град Скопје во кои ја врши својата дејност, да им обезбеди еднаков пристап до услугата која ја дава.

При разгледување на информациите добиени од страна на овластените лица од /// при спроведениот увид во нивните простории на ден 15.07.2026 година, во корелација со нивното писмено произнесување дополнително доставено во Комисијата на ден 17.07.2026 година, Комисијата констатираше контрадикторност, односно, при увидот споделените информации се во насока дека предметната линија била исклучена, со наведена главна причина дека е интенцијата на Град Скопје во близина каде сообраќа предметната линија да биде пробиен пат каде ќе сообраќа само автобуската линија со број ///. Додека пак во писменото произнесување, ги негираат

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

наводите од претставката дека предметната линија е укината и наведуваат дека има само промена во распоредот, односно корекција на времињата на поаѓање на автобусот, но дека истата не е укината. **Во писменото произнесување /// наведува дека измената на возниот ред е направена да граѓаните имаат точни термини кога би имале превоз**, а не термини кои не се опслужуваат и остануваат да чекаат на постојките, а истите ги читаат во возниот ред. **Меѓутоа,** при спроведените тестирања на ситуација од страна на Комисијата на ден 13.07.2026 година, 30.07.2026 година и на ден 13.08.2026 година, констатирано е дека и покрај тоа што во возниот ред е наведен термин на поаѓање на автобусот со број /// од почетната/крајна постојка во населба /// во 07,40 часот, **автобус во терминот немаше**, ниту истиот беше дојден подоцна.

Во писменото произнесување на /// наведен е и распоредот (за период од 05,13 часот до 10,25 часот), односно наведени се термините во кои на постојката /// сообраќаат, односно застануваат автобусите со број ///. За периодот од 07,00 до 08,00 часот распоредот е следен: автобус со број /// во 07,00 часот, автобус со број /// во 07,13 часот, автобус со број /// во 07,17 часот, автобус со број /// во 07,20 часот, автобус со број /// во 07,40 часот, автобус со број /// во 07,45 часот. Но, наведениот возен ред не кореспондираше со фактичката состојба затекната при спроведување на тестирањето на ситуација кога на 13.08.2026 година, во периодот од 07,15 часот до 08,00 часот, во правец накај Центар евидентирани се само два автобуси и тоа во 07,15 часот е евидентиран автобус со број /// (на улица ///) и во 07,41 часот е евидентиран автобус со број /// на постојката ///.

Согласно наведеното, дека во наведениот термин не дојде автобусот со број /// на почетната/крајна постојка во ///, и дека во периодот од 07,15 часот до 08,00 часот и покрај наведените 4 термини за автобуси во возниот ред за линиите /// доставен во писменото произнесување на ///, поминаа само два автобуси и тоа не во точниот термин, е спротивно на членот 20 став (2) од Законот за превоз во патниот сообраќај со кој се уредува дека превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред.

Автобусот со број /// сообраќа на релација /// – ///, додека автобусите кои од /// ги наведуваат како алтернатива, сообраќаат од почетни постојки во Општина /// до крајна постојка – ///. Со тоа, на жителите од населба /// не им е овозможена директна поврзаност со централното градско подрачје и ///. Со тоа пак за жителите кои се во работен процес, како и на учениците во средните училишта им се оневозможува навремено пристигнување на работното место и на настава, додека пак за болни и изнемоштени лица оневозможен е директен превоз до ///, а воедно и до ///. Користењето на повеќе од еден автобус за жителите претставува дополнителен финансиски трошок, а дополнителна отежителна околност е што автобусот со број /// сообраќа само во работни денови, од понеделник до петок, но не и за време на викенд (сабота и недела).

При тестирањето на ситуација, Комисијата констатира дека разликата од последната/почетна постојка на автобусот со број /// во населба /// и последната/почетна постојка на автобусот со број /// во населба /// е во две постојки,

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

во оддалеченост од околу 2 километри, а според наводите од претставката на подносителите, автобусот со број /// кога сообраќа кон /// секогаш влегува и застанува и на постојката која е последна/почетна постојка за автобусот со број ///.

Согласно горенаведеното, од страна на ///, не се испочитувани ниту се применуваат обврските кои како јавно претпријатие кое врши услуга од јавен интерес треба да ги применува во своето секојдневно функционирање. Имено, со констатираниот начин на функционирање во конкретниот случај, /// не постапило согласно принципите уредени во членот 2 став (4) од Законот за јавните претпријатија, и на жителите од населбата /// не им овозможило сигурност, континуитет и квалитет на услугата, како и достапност до истата, што е спротивно на одредбата од членот 3 став (1) точка (1) од Законот за превоз во патниот сообраќај, со која е уредено дека јавниот превоз на патници е под еднакви услови достапен на сите корисници.

Земено се во целина, ///, не ги исполнува во целост своите законски обврски кои произлегуваат од Законот за јавни претпријатија и Законот за превоз во патниот сообраќај, со што на жителите од населба /// во Општина ///, Скопје, врз основа на место на живеење не им овозможува еднаков пристап до добри и услуги во областа на јавниот превоз.

* * *

Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека од страна на /// е сторена директна дискриминација врз основа на место на живеење, во областа на пристап до добра и услуги сторена кон граѓаните со живеалиште во населба /// во Општина ///, Скопје, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:

П Р Е П О Р А К И

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на /// во рок од 30 дена од денот на приемот на Мислењето да продолжи доследно да го применува и почитува веќе воспоставениот возен ред за автобусот со број /// и во иднина доследно да ја применува одредбата од членот 20 став (2) од Законот за превоз во патниот сообраќај.**
2. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на /// во рок од 60 дена од денот на приемот на Мислењето да ја разгледа можноста за дополнување на возниот ред за автобусот со број /// во деновите сабота и недела, да направи план за истото и писмено да ја извести Комисијата.**
3. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на /// во иднина доследно да ги применува и исполнува обврските уредени со Законот за јавни претпријатија и Законот за превоз во патниот сообраќај, со што ќе се оневозможи нееднаков пристап до користењето на јавната услуга – јавен превоз.**

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доколку /// не постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје, 01.10.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Зекир Абдулов

Доставено до:
- Подносителите;
- ///;
- Архива на Комисијата;

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk